Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

# П Р И Л О Г
# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за прогласување на дел од Планината Шар Планина за национален парк |
| Одговорно лице и контакт информации: | Весна Индова, раководител на Сектор за ЕУ<br>Влатко Трпевски, раководител на Сектор за природа |
| Вид на Извештај: | ☐Нацрт<br>☒Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ НПАА<br>☒ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ Друго |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ: | / |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 17 .9.2020 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Февруари 2021 година |

# 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

## 1.1 Опис на состојбите

Шар Планина е простран високопланински масив кој се протега во северозападниот дел на Република Северна Македонија и на територијата на Јужно Косово. Во своите најшироки природни граници (како масив, со сите ограноци) зафаќа површина од 2480 km2 од кои 881 km2 или 35,5% во Република Северна Македонија. Во потесни граници, долж главното било зафаќа површина од 1670 km2, од кои 840 km2 или точно половина припаѓа на Република Северна Македонија.

Делот од Шар Планина во нашата држава кој е предмет на валоризација, има површина од 697,8 km2 (без територијата на НП Маврово).
Вкупната површина на предложеното подрачје за заштита (ПЗП)-Националниот парк Шар Планина изнесува 62 705 хектари, согласно Студијата за валоризација на Шар Планина (2020), и Анекс кон Студијата за валоризација на Шар Планина Ревидирани предлог граници и зони на НП Шар Планина (2021).

Заради исклучителните природни вредности, делови од Шар Планина се идентификувани како едни од најзначајните подрачја за зачувување на природата на национално, регионално и европско ниво. Со прогласувањето на дел од Шар Планина за заштитено подрачје во категоријата Национален парк ќе се овозможи унапредување на заштитата, зачувувањето и одржливото користење на природните вредности и зголемување на површината на заштитени подрачја на национално ниво (за околу 2,1 %), односно од сегашните 8,9% на 11%. Тоа ќе придонесе кон унапредување на имплементација на Aichi целите од Конвенцијата за биолошка разновидност (CBD) и другите конвенции за заштита на природата (Bern, CITES, Bonn, Ramsar и др.), прогрес во исполнување на целите и акциите од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен План (2017-2027) и Националната стратегија за биолошка разновидност со Акциски План за период (2018-2023), прогрес во имплементација на ЕУ директивите за живеалишта и птици, унапредување на прекугранична соработка во областа на заштита на природата со Косово и Албанија, развој на екотуризмот и локалната економија и др.
Дел од Шар Планина е вклучен во Националната Емералд мрежа, којашто произлегува од обврските на државата за имплементација на Конвенцијата за заштита на дивиот свет и природните живеалишта во Европа (Бернска Конвенција). Шар Планина претставува и потенцијално идно Натура 2000 подрачје.
Шар Планина веројатно е најистражуваната планина во Република Северна Македонија од аспект на биолошката разновидност и другите природни вредности. Само за видовата разновидност (флора, фауна, фунгија) за Шар Планина се објавени околу 600 научни трудови во кои се наоѓаат податоци за над 4,300 видови.

**Земjоделие** - Најголем процент од обработливите површини се земјоделско обработливите површини, со вкупно површина од 165.467 ha. Од вкупниот број на земјоделско обработливите површини на Општина Гостивар потпаѓа најголемиот дел, и тоа 41 %. По Општина Гостивар следат општините Тетово со 27 % и Општина Маврово и Ростуше со 12 %.

Во ПЗП Шар Планина под пасишта потпаѓат околу 75.488 ha, под ораници и бавчи потпаѓаат околу 131.288 ha, ливадите се околу 9.905 ha, под овоштарници потпаѓаат 824 ha, а има најмалку површини под лозја и тоа 33 ha и тоа само во општините Јегуновце, Теарце и Тетово. Населението на ова подрачје во најголем дел се занимава со земјоделска дејност (одгледување на добиток и обработка на земјиштето) особено во руралните планински населби. Земјоделството, особено сточарството и производството на земјоделски култури, се меѓу највbooleanжните економски дејности во регионот. Лицата кои живеат или кои се постојано присутни во границите на ПЗП Шар Планина и кои се занимаваат со земјоделски дејности како што се сточарство, градинарство и повремено овоштарство, значително се зависни при обезбедување на средствата за живот од расположливите слободни ресурси во локалното опкружување.

**Искористување на пасишта** - Шар Планина е карактеристична по традиционалното сточарење. Умереното и соодветно искористување на пасиштата е од исклучителна важност за одржувањето на одредени секундарно антропогени живеалишта кои имаат посебни вредности и одржување на биолошката разновидност.

**Шумите** како природен ресурс се од големо значење за жителите на Шар Планина. Оние жители кои поседуваат природно шумско земјиште истото го користат за собирање огревно дрво, иако има и случаи на незаконска сеча, која ЈП Национални шуми, Државниот инспекторат за животна средина и Државниот инспекторат за шумарство се обидуваат да ја санкционираат.

Шумите се еден од највредните природни ресурси со кои се одликува Шар Планина. Тие се разновидни според својот состав, возраст, структура и други карактеристики и исполнуваат голем број на еколошки, заштитни, економски и социјални функции. Претставуваат основа на шумските екосистеми, кои се одликуваат по својата биолошка разновидност и претставуваат еден од клучните екосистеми во Северна Македонија. Сепак, шумите и шумските екосистеми на Шар Планина сè уште не се под соодветна заштита и честопати се под влијание на различни деструктивни антропогени фактори. Поголемиот дел од нив се значитено користени за задоволување на пошироките општествени потреби за дрво и други шумски производи, поради што во одредени делови од шумите се видливи последици од поинтензивно искористување. Стопанисувањето со шумите сè уште е по принципот трајност во стопанисувањето, а современите светски и европски концепти и текови како што се одржливото стопанисување и екосистемското управување сè уште не се имплементирани.

Собирањето лековити растенија и шумски плодови е широко распространета појава низ целиот регион на Шар Планина. Собирањето претежно се прави без лиценца или дозвола за собирање, односно еден од десет собирачи има дозвола за собирање. Често локалните собирачи се ангажираат и во неделна или месечна основа од страна на локалните фирми - преработувачи. Исто така, се забележува дека поединечни трговци и самите се вклучени во процесот на собирање заедно со нивните семејства.

**Водните ресурси** на Шар Планина во најголем дел се користат за производство на електрична енергија, покрај целите за наводнување и вода за пиење. Релативно различни субјекти во даден период, имаат добиено право да ги користат водните ресурси на Шар Планина за одреден концесиски период.
Во врска со искористувањето на водните ресурси на Шар Планина, едно од значајните прашања е изградбата на мали хидроелектрани (МХЕ). Различни субјекти, во даден период, имаат добиено право да ги користат водните ресурси на Шар Планина за одреден концесиски период. Земајќи ги предвид сите достапни податоци во врска со изградба на мали хидроелектрани (вклучувајќи ги и поврзаните инфраструктурни објекти: зафат, машинска зграда, цевковод, пристапни патишта, далекуводи и сл.), во опфатот за идна заштита, евидентирано е следното: во функција се 11 мали хидро електрани-изградени и оперативни; склучени договори за концесија има за 9 мали хидроелектрани и прибавено одобрение за градење, а Владата има донесено уште 5 Одлуки за доделување на концесија за мали хидроелектрани на локации во идното заштитено подрачје на Шар Планина. Согласно проценките на водниот потенцијал доколку не се воспостави режимот на заштита на национален парк, дополнително планирани се 15 мали хидроелектрани, за кои не се водат постапки за доделување на концесија. Во опфатот на идното заштитено подрачје постоечките хидроелектрани ќе бидат управувани во согласност со одобрената проектна документација (Елаборат за оценка за животна средина), одредбите од договорите за концесија и одобренијата за градење со дополнителни мерки за заштита и редовни контроли.

**Рударството и експлоатацијата** на минерали во Полошкиот Регион се извор на егзистенција за значителен број домаќинства во Гостивар, Тетово, Јегуновце итн. Всушност, приходите од рудниците се значајни за буџетот на општините кои ги резервираат врз основа на експлоатација, преработка и продажба на минерални суровини надвор од границите на државата.

**Религија и култура -** Во подрачјето кое треба да биде заштитено има и археолошки наоди за население кое живеело во планинската област кои се најдени на неколку места уште од

неолитскиот период (10 000 – 3 000 п.н.е.). Во границите на планскиот опфат идентификувано е бројно културно наследство[1].

Во овој регион на идното заштитено подрачје НП Шар Планина, од особена важност и значајност е нематериајлното духовно добро како што е машко повеќегласно пеење од Долни Полог, Тетовско кое е впишано на листата на УНЕСКО. Ова нематеријално духовно добро е од особено значење и со Одлуката на Владата објавена во Службен Весник на Р.М. бр. 118/14, спаѓа во поткатегоријата „добро од исклучително значење“.

Во регионот постојат повеќе фестивали и културни манифестации од локален и регионален карактер. Секоја од општините во регионот има свои фестивали и манифестации поврзани со верските празници, традицијата и етнографските карактеристики.

Од регионален карактер позначајни активности кои се организираат се:

- музичките фестивали: Шари кендон (Шара пее), манифестација каде се презентира фолклорот од разни места каде живее албанскиот народ, „тетовски фолк филиграни“, „Дитет е Наимит“ (Деновите на Наим) меѓународна манифестација на поезијата; „Техо“ меѓународно натпреварување на хорското пеење, „Блетезат“ и „Тетовски јаболчиња“ детски музички фестивал, „Саемот на книгата“ презентација на изданија на албански јазик на издавачки куќи од Македонија, Албанија и Косово.
- карневали и игри - Илирски карневали (Бозовце) и народни традиционални игри (Селце).

**Туризам и рекреација** - Туризмот е едно од гранките кои особено има потенцијал во ова подрачје. Постои голем туристичкиот потенцијал во регионот, како резултатна климатските услови, природните вредности, историското и природното наледство, зимските спортови, фестивалите и други слични настани, неговата инфраструктура (капацитети за сместување и ресторани, транспорт). На Шар Планина според туристичката инфраструктура и супраструктура и практикувањето на туристичките и рекреативните активности се одвива:

Масовен туризам, Авантуристички туризам (зимски (рекреативно и алпско скијање, нордиско скијање, турно скијање, планинарење и др.) и летни активности (планинарење, трчање, кампување, велоиспедизам, параглајдинг, алпинизам, спелологија и др.)) , Рурален / ЕКО туризам, Ловен и Риболовен Туризам.

**Лов и риболов** – На Шар Планина од крупниот дивеч, кој е трајно заштитен, од класата на цицачи се среќаваат мечката и рисот, а од крупниот дивеч заштитен со ловостој од класата на цицачи се среќаваат срнската дивеч, дивокозата и дивата свиња и од крупниот дивеч без заштита од класата на цицачи се среќава волкот.

Од ситниот дивеч трајно заштитен од класата на цицачи се среќаваат следниве видови: дива мачка, видра, јазовец, полф и верверица, од ситниот дивеч заштитен со ловостој, од класата на цицачи се среќава зајакот и од ситниот дивеч без заштита од класата на цицачи се среќаваат лисицата, куната белка, куната златка и твор. Од класата на птиците, трајно заштитени се : сур орел, орел крстач или орел зајачар, голем ушест був, шумски ушест був,

[1] Поглавје 3.2 Релгиија и култура - Табела 39 Листа на археолошки локалитети и сакрални објекти во областа на ПЗП Шар Планина, Социоекономска студија

белоглав мршојадец (се среќава но не се гнезди), црвеноклуна галица и жолтоклуната галица, од птици заштитени со ловостој се среќаваат следниве видови: лештарка, еребица камењарка, див гулаб и шљука (птица минувачка) и птици без заштита се среќаваат јастреб кокошар, пепеласта врана, чавка, страчка и др.
Главни видови  на дивеч на Шар Планина, во согласност со Законот за ловството на Република Северна Македонија се: срнската дивеч, дивокозата, дивата свиња, мечката, волкот, рисот, зајакот и еребицата камењарка.
И покрај организираната ловочуварска служба од страна на концесионерите на дивечот во ловиштата, покрај редовните инспекциски контрола од страна на Државниот инспекторат за шумарство и ловство на концесионерите на дивечот во ловиштата сепак има појава на застрел на дивечот од бесправен лов и ловокрадство.
Стопанисувањето со рибите е регулирано со низа подзаконски акти и сумирано во еден подзаконски акт Риболовна основа, која е дефинирана како „стручна студија со која се определува начинот на стопанисување со рибите во определена риболовна вода“.
Риболовните води во горното течение на реката Вардар, кои припаѓаат на територијата на Шар Планина се поделени во два Риболовни ревири и тоа:
-„Риболовен ревир Вардар 1 – Гостиварски“ и
- „Риболовен ревир Вардар 2 – Тетовски“.
Со рибите од риболовните ревири стопанисуваат риболовни здруженија кои имаат потпишано концесиски договор со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во времетраење од шест години.

**Аквакултура**: Водите на Шар Планина се карактеристични салмонидни – пастрмски води и во нив природно живее македонска пастрмка, а се сретнува и виножитна пастрмка. Во овој регион во рибници се одгледуваат салмонидни видови риби, најчесто виножитна и македонска поточна пастрмка.
На територијата на Шар Планина или на води кои извираат од Шар Планина изградени се вкупно 11 рибници со вкупен инсталиран капацитет од над 300 тони пастрмка годишно.
На територијата на Шар Планина сѐ уште има производни објекти за риба, но кои не се водат како рибници. Тие се најчесто во рамки на угостителски објекти, ресторани, кафани, хотели, кои не продаваат риба, но истата ја произведуваат за сопствени цели и ја пласираат во своите угостителки објекти. Нивното годишно производство не е регистрирано.

Шар Планина е поделена помеѓу 7 (седум) општини (Јегуновце, Теарце, Тетово, Боговиње, Врапчиште, Гостивар и Маврово и Ростуше), од кои 2 (две) се урбани (Тетово и Гостивар) и сите во своите граници имаат планински рурални населени места. Постоечката состојба со инфраструктурата на Шар Планина е доста слаба. Патната инфраструктира е дотраена, делови неефикасна и делови руинирана. Сигнализацискиот систем скоро и го нема (во зависност од Општина). Се отвораат голем број диви земјени патишта, кои се користат за различни цели. Речиси во секое населено место има отворени депонии, а

хигиената на улиците во населените места е на ниско ниво. Водоводот и канализацијата најчесто се градени и изработувани самостојно од страна на организираното локално население и многу ретко има целосно улично осветлување.
Пред да се преземат какви било активности за затворање на дивите депонии, санација и решавање на проблемот со отпадните води, неопходно е да се најде систематско, долгорочно решение за заштита на животната средина и природата, кое ќе биде изводливо и директно применливо во практиката. Во однос на вработените лица во секторот, има околу 20.000 регистрирани и помеѓу 15.000-30.000 нерегистрирани туристички работници.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Иницијативата за прогласување на Национален парк Шар Планина е започната многу одамна. Една од првите и посериозни иницијативи е онаа во 1997 година, кога беше подготвен и предлог-закон за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк, кој не беше усвоен од страна на Собранието на Република Македонија. Прогласувањето на Шар Планина беше иницирано на два пати: во 1999 и 2010 година.
Во меѓувреме, интересот за прогласување на Национален парк Шар Планина е вграден во Просторниот план и неговата Студија за заштита на природно наследство (2004).
Во периодот 2006-2010 година, е изработена Студија за валоризација на природните вредности на Шар Планина и процена на нивната пазарна вредност (Меловски и Христовски 2008), финансирана од МЖСПП. Со истата е проценета економската вредност на природните богатства на Шар Планина според подготвеноста на локалното население да плати за зачувување на природата (willingness to pay) од 3,2 милиони евра годишно.
Во 2006 година Шар Планина беше една од приоритетните планини во агендата на УНЕП во рамки на иницијативата за балканските планини. Со овој проект беше истакнато дека подрачјето Шар Планина-Кораб-Дешат може да стане најголемото заштитено „подрачје“ во југоисточна Европа.

Вториот обид за прогласување беше иницирн во периодот 2010-2014, со размена на информации за потребата од прогласување на Шар Планина како национален парк меѓу МЖСПП и македонската Влада, составување на работна група за истражување на правните можности за прогласување, подготовка на мастер план за развој на туризмот и можен предлог за границите на паркот.
Иницијални активности за прогласување на Шар Планина за заштитено подрачје се започнати кон крајот на 2016 година во рамките на проектот „Постигнувањето на заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефикасно управување со заштитени подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирање на користење на земјиштето“, преку изработка на Студија за валоризација на Шар Планина и иницијатива за прогласување на подрачјето за национален парк (2020).

МЖСПП врз основа на Студијата изготви Информација за потребата од прогласување на дел од Шар Планина за заштитено подрачје во категоријата Национален

парк и истата ја достави на мислење до единиците на локалната самоуправа, релевантните државни институции и Владата на РСМ.
Владата на Четириесет и деветтата седница, одржана на 5 мај 2020 година ја разгледа и усвои Информацијата, ја донесе Одлуката за прифатливоста на предлогот за прогласување на дел од Шар Планина за заштитено подрачје во категорија II - Национален парк и го задолжи МЖСПП да спроведе јавна расправа по предлогот, да го изготви конечниот акт за прогласување (Закон за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк) и конечниот предлог да го достави до Владата.

Следствено МЖСПП пристапи кон изготвување на Нацрт-акт за прогласување, по чие објавување следеше процес на јавна консултација преку испраќање на писмени забелешки и коментари, јавни расправи, состаноци и средби со засегнати страни, како и отворени телефонски линии. По прибирањето на сите мислења и забелешки во процесот на консултации, се пристапи кон ревидирање на Студијата за валоризација на природните вредности и Социоекономската студија од страна на експертскиот тим, со дополнителен ангажман на експерти од Меѓународната унија за конзервација на природата (IUCN), ангажирани од Канцеларијата на Обединети Нации за животна средина во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање. Беа одржани дополнителни средби со клучните засегнати страни и локалното население за усогласување на различните забелешки и барања, по што беше доставен Анекс на Студијата за валоризација со ажурирано предлог зонирање на идниот национален парк.

Финалниот предлог за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк е преточен во Предлог на Законот за прогласување на дел од Шар Планина за заштитено подрачје во категоријата II – Национален парк.

## 2. Цели на предлог регулативата

Со донесување на **Закон за прогласување на дел од планината Шар Планина за национален парк** ќе се овозможи:

- проширување на мрежата и процентот за заштитени подрачја на територијата на Република Северна Македонија;
- подобрување на управувањето и планирањето со заштитеното подрачје со цел зачувување на природните вредноси на подрачјето;
- зачувување на автентичната состојба на природата преку заштита на природните вредности,
- спречување на дејствија со кои посредно или непосредно може да се промени состојбата на природните вредности,
- одржување и управување на националниот парк, со цел заштита на природата преку заштита на биолошката и пределската разновидност и природното наследство,- регулирање на односот на човекот кон природата, заради зачувување на автентичната состојба на националниот парк.

- прогрес во исполнување на целите и акциите од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен План (2017-2027) и Националната стратегија за биолошка разновидност со Акциски План за период (2018-2023),
- прогрес во имплементација на ЕУ директивите за живеалишта и птици,
- имплементација на Aichi целите од Конвенцијата за биолошка разновидност (CBD) и другите конвенции за заштита на природата (Bern, CITES, Bonn, Ramsar и др.),
- унапредување на прекугранична соработка во областа на заштита на природата со Косово и Албанија, развој на екотуризмот и локалната економија и др.

## 3. Можни решенија (опции)

3.1 Опис на решението „не прави ништо“ - **не донесување на Закон за прогласување на дел од планината Шар Планина за национален парк.**

Со недонесувањето на законот и понатаму во деловите од подрачјето на Шар Планина ќе продолжи деградацијата на бројните природни вредности од локално и светско значење. Без поставувањето на режим на заштита, нема да биде возможно планирање и спроведување на мерки за реставрација, заштита и управување со живеалиштата и видовите, односно одржување на екосистемите на одржлив начин. Истовремено, без воведување на правен режим на заштита, економскиот развој на локалните заедници во заштитеното подрачје и надвор од него ќе се одвива без контрола на начинот на користење на природните ресурси. Дополнително, нема да постои механизам за процена и соодветно управување на поединечните и кумулативните ефекти од пристапот на стопанските и приватни субјекти за користење на природните вредности, кој реално веќе ги загрозува споменатите природни вредности од јавен интерес и може да доведе и до неповратна штета и нивна деструкција.

3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

**<u>ОПЦИЈА 1</u> – Да се донесе Закон за прогласување на дел од планината Шар Планина за национален парк.**

Согласно барањето од член 92 став 5 од Законот за заштита на природата изработена е Студија за валоризација на Шар Планина (2020) според која, земајќи ги предвид специфичните природни убавини, богатиот и ендемичен растителен и животински свет, геодиверзитетот, хидролошките карактеристики, пејзажните и пределните вредности, утврдено е дека Шар Планина ги исполнува критериумите согласно законот за да биде прогласена за заштитено подрачје од II категорија - Национален парк.

Донесувањето на Законот е голем исчекор од аспект на спроведување на обврските од националното законодавство, но и исполнување на ЕУ обврските во однос на заштитата на видовите и живеалиштата од европско значење, како и обврските кон меѓународните конвенции од областа на заштитата на природата.

Истовремено, покрај заштитата на природните вредности, особено е значајна придобивката за населението кое живее на тоа подрачје и покрај зачувувањето на животната средина, можностите за одржлив економски развој преку екосистемски услуги, а посебно развој на екотуризмот и органското производство.

Со прогласувањето на дел од Шар Планина за национален парк ќе се овозможи соодветно унапредување, заштита, зачувување и управување на природните вредности на тоа подрачје, соодветно управување со истите и спречување на нивно понатамошно деградирање.

**<u>ОПЦИЈА 2</u> – Да се стопира постапката за донесување на Закон за прогласување на дел од планината Шар Планина за национален парк до отстранување на постоечката инфраструктура и раскинување на сите концесиски договори на подрачјето.**

Со оглед на фактот дека подрачјето на Шар Планина кое е дел од територијата на Република Северна Македонија досега не било заштитено подрачје, урбанизацијата, економскиот развој и експлоатацијата на природните ресурси се одвивал без посебен режим на заштита, согласно позитивно правните прописи од соодветните области. Притоа, низ годините различни субјекти (државни и приватни) стекнале права за експлоатација на природните ресурси (водни, шумски, пасишта, ловство и тн.), се изградила водоснабдителна, патна, станбена и друг вид на инфраструктура, како и се прошириле значителен број на села со нивни атари.

Студијата за валоризација на природните вредности и Социо-економската студија кои се основа за прогласување на едно подрачје за заштитено, ја вршат анализата на постоечката состојба на природата и ја воспоставуваат рамката за иден режим на заштита со цел унапредување и зачувување на биодиверзитетот, одржливо користење на природните ресурси и овозможување на хармонична интеракција помеѓу човекот и природата.

Со стопирање на постапката за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк, со цел ретроактивно применување на заштитата преку отстранување на постоечката инфраструктура и раскинување на веќе склучените концесиски договори, ќе биде потребна измена на соодветната законска регулатива како и да се чекаразрешница на поведени судски спорови заради веќе стекнатите права на различни субјекти и исплата на штетите од буџетот на Република Северна Македонија. По завршувањето на наведените процеси кои ќе овозможат законско раскинување на договорите и отстранување на постоечката

инфраструктура, а потоа и рехабилитација на екосистемите, ќе се пристапи кон нова постапка за прогласување на Шар Планина за национален парк.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

**Опција „не прави ништо“** - Со недонесување на Законот за прогласување на дел од планината Шар Планина за национален парк и понатаму ќе продолжи неконтролираното преземање активности на подрачјето на Шар Планина и нејзино деградирање и неповратно уништување со губење на природните вредности и можностите за одржлив развој кои истата ги има.

### *4.1 Економски влијанија*

*Негативни влијанија:*
Ќе се продолжи со неконтролирано вршење на економски активности на дел од подрачјето на Шар Планина како што е експлоатација, преработка и користење на минерални суровини, изградба на мали хидроелектрани, продолжување со сеча на шумите, ловство и риболовни активности и други активности кои придонесуваат за моментална финансиска корист за правните и физички лица кои ги вршат економските активности.
И понатаму ќе се зголемуваат барањата за проширување на постојните урбани опфати (викенд населби или за нови туристички објекти),
Компаниите ќе продолжат со искористување на природните и минералните суровини на Шар Планина, со што се нарушува природата, како и биолошката разновидност.
Неконтролираното користење на природните добра и ресурси ќе доведе до нивно исцрпување, со што на долг рок ќе ја секне економската активност.
Истовремено, ќе се намалат можностите, а последователно и оневозможат, за традиционалните и органски земјоделски и сточарски практики, како и одржлив развој на регионот преку екосистемски услуги и туризам.

### *4.2 Фискални влијанија:*

Недонесувањето на Законот ќе предизвика позитивни фискални влијанија од даноците кои се прибираат од економските активности од точка 4.1.

### *4.3 Социјални влијанија*

*Позитивни влијанија:* Преземање на најразлични неконтролирани активности на цело подрачје на Шар Планина што има одреден моментален финансиски бенефит за тамошното население.

*Негативни влијанија:* Неконтролираното вршење на економски активности ќе доведе до негово уништување и загуби на вредностите на подрачјето. Неконтролираната и прекумерната градба на хидроцентрали го отежнува секојдневниот живот од аспект на водоснабдување и наводнување.

Имено, една од причините за падот во земјоделското производство кај населените места е и намален проток во потоците и реките на вода заради МХЕ-и, зајакнато со зголемената тенденција на младото население да го напушти традиционалното земјоделско производство и сточарство и да бара вработување во блиските градови или во странство, ќе влијае врз начинот на живот на локалното население во населените места во Шар Планина и пошироко. Најзасегнати села по таа основа се Вешала, Бозовце, Вејце, Јелошник, Селце, Ѓермо и Једоарце. Сепак, доколку се реализира планираната изградба и пуштање во употреба на доделените и планирани концесии за МХЕ-и, следните населени места ќе станат, исто така, засегнати: Беловиште, Првце, Шипковица, Лисец, Бродец, Гајре, Селце-Кеч, Долно Јеловце и Лешница.

Ваквото неконтролирано уништување на природните вредности ќе влијае негативно на туризмот односно се намалуваат можностите за развој на туризмот поради прекумерната употреба на природни ресурси и самиот работен ангажман и приходи на жителите.

Сето наведено ќе се одрази негативно врз квалитетот на живот и егзистенцијата на локалното население.

### *4.4 Влијанија врз животната средина*

*Негативно влијание:* Недонесување на закон со кој ќе се овозможи воспоставување на зони во кои јасно ќе бидат определени активностите кои може да се преземаат на одредени подрачја на делот кој треба да се прогласи за национален парк ќе придонесе до неповратно уништување на одредени природни вредности на Шар Планина.

Со изградба на малите електрани, во рамките на подрачјето кое е предмет на идна заштита, се очекуваат дополнителни негативни влијанија како резултат на пробивање на пристапни патишта и сечење на вегетација (а многу често и високо стеблеста вегетација). Ова, заедно со идните градежни активности (правење зафати, канали и изградба на машински згради), не само што го намалува шумскиот фонд во подрачјето и уништува значајни живеалишта, туку е причина за создавање на свлечишта и потенцијал за идни зимски лавини, односно загрозување на човечки животи.

Дополнително, најголеми закани и најголеми негативни влијанија се забележуваат од страна на човекот, кој во многу случаи е причинител на бесправни сечи, пожари, узурпација на земјиште и други негативни појави.

Чистите сечи кои се применувани во дабовиот, подгорскиот и горскиот буков појас, во голема мера придонесуваат за загуба на поголем број природни вредности. Покрај тоа, на одредени места се нарушени природните живеалишта, видлива е загуба на почва, има појава на ерозивни процеси и сл.

Незаконските (бесправни) сечи кои во одредени делови од Шар Планина се присутни, како и појавата на шумски пожари, претставуваат посебна закана за шумите, бидејќи го

нарушуваат нејзиниот квалитет, структура и обновителен потенцијал, а влијаат негативно и за зачувувањето на биолошката разновидност.
Водата станува оскуден ресурс, со што ги забрзува конфликтите на локално ниво помеѓу локалното население и локалната самоуправа. Наместо за пиење и наводнување, водата се користи за производство на електрична енергија.
И понатаму ќе се зголемуваат барањата за проширување на постојните викенд населби или за нови туристички објекти, со целосна инфраструктурна поддршка од страна на локалната власт.
Компаниите ќе продолжат со искористување на природните и минералните суровини на Шар Планина, (со исклучок на земјоделството и сточарството, што е во опаѓање), со што се нарушува природата, како и биолошката разновидност.

*4.5 Административни влијанија и трошоци*

*а) трошоци за спроведување*

*Нема*

*б ) трошоци за почитување на регулативата*

*Нема*

***Опција 1*** **- Да се донесе Закон за прогласување на дел од планината Шар Планина за национален парк.**

Оваа опција ги има следните влијанија:

4.1 *Економски влијанија*

Негативни влијанија – Прогласувањето на Шар Планина за национален парк, а со тоа и воспоставување на зонирање на територијата на националниот парк ќе се ограничи вршењето на одредени економски и други активности. Видот и активностите кој ќе може да се вршат на подрачјето на националниот парк ќе се утврдат согласно националното законодавство за природа и Планот за управување со националниот парк во зависност од зоните воспоставени во националниот парк. Одредени активности ќе можат да се вршат само во одредена зона, додека вршењето на други активности целосно ќе се ограничи и забрани. Сето ова ќе доведе до намалување на приходите кои досега се добивале од поединечни економски активности на подрачјето на националниот парк.
Позитивни влијанија – Прогласувањето на дел од Шар Планина ќе овозможи зачувувањето и заштитата на биолошката и пределската разновидност, како и заштитата на природните вредности, кои ги има Шар Планина, со што ќе придонесе врз зголемување на економските вредности и ќе бидат валоризирани екосистемските услуги на идното заштитено подрачје НП Шар Планина. Зголемувањето на економските вредности ќе се постигне преку ангажирање на стручни лица во областа на заштита на животната средина и економијата,

зголемување на еко-туристичките понуди и подобрување на инфраструктурата, како и спроведување и целосна имплементација на мерките за зачување на природата и животната средина.
На долг рок тоа ќе овозможи одржливо користење на природните ресурси и економски развој, екосистемски услуги и отворање на нови еколошки бизниси, отворање на зелени работни места и подобрување на стандардот на локалното население.
Ќе има можност за воведување на концептот на екосистемски услуги, односно генерирање на финансиски средства преку подобрување на поврзаноста меѓу заштитеното подрачје и оние кои ги носат одлуките, како локалната самоуправа, Владата, или бизнис заедницата.

### *4.2 Фискални влијанија*

Негативни влијанија
Државата ќе треба да обезбеди буџетски средства за воспоставување на јавната установа Национален Парк Шар Планина.
Државата може ќе треба да исплати надомест на штета на инвеститорите на МХЕ кои се уште не ја започнале градбата, но имале трошоци од доделените и договорените концесии, како и надоместок на штета на концесионерите за ловство, пасишта, сопственици на приватни шуми и др.
Позитивни влијанија – Со оглед на воспоставувањето на режимот на заштита, стопанските субјекти кои ќе вршат активности кои генерираат профит врз основа на користењето на природните добра ќе мора да плаќаат соодветни надоместоци на Јавната Установа идниот Национален парк Шар Планина.
Отворањето на нови можности за екосистемски услуги и еко-туризам, ќе резултира со зголемена економска активност и развој на регионот, од што ќе се генерираат и буџетски средства.

### *4.3 Социјални влијанија*

И покрај тоа што примарна цел на воспоставувањето на еден националнен парк е зачувувањето на природата, културното наследство има исто така големо значење. Сите активности поврзани со културното наследство, ќе продолжат да се одвиваат во предлог заштитеното подрачје. Развојот на одржлив туризам и земјоделство значително ќе влијае на подобрување на животот на локалното население.
Со ограничување на изградбата на мали хидроелектрани позитивно ќе се одрази врз месното население заради спречување на можен недостаток од доволно количини на вода за пиење и наводнување.

Развој на голем број традиционални активности кои значително ќе придонесат кон подобрување на економската состојба на населението.

### *4.4 Влијанија врз животната средина*

Позитивни влијанија

Прогласувањето на дел од Шар Планина за национален парк ќе обезбеди интегрална заштита на идното заштитено подрачје кое ги опфаќа сите природни карактеристики на просторот и природни процеси кои се одвиваат.

Со донесување на законот ќе се овозможи воспоставување институција Јавна Установа Национален парк Шар Планина, која ќе го контролира управувањето со природните ресурси во рамки на Шар Планина.

Управувањето ќе се врши согласно Планот за управување со националниот план во чие донесување ќе бидат вклучени и заинтересираните страни.

ЈУ – НП Шар Планина ќе изработи Просторен план за заштитеното подрачје, согласно ЗЗП член 103, со цел да се оневозможи идно проширување на урбанизацијата, како и штетна експлоатација на природните суровини.

Донесувањето на законот од аспект на животната средина ќе овозможи:

- ограничување на изградбата на мали хидроелектрани
- Искористување на шумите ќе се врши на одржлив начин со цел да се зачуваат шумите во нивната природна состојба и да се преземаат мерки за ревитализација на деградираните шумски состоини и спроведување одгледувачки мерки, како и одгледувачки сечи со слаб интензитет и санитарни сечи во зоната за одржливо користење.
- Развој на традиционалното земјоделство што подразбира одгледување на стари сорти земјоделски култури на мали површини користејќи традиционални практики, е во согласност со принципите на зачувување на биолошката разновидност, затоа што растителниот агробиодиверзитет е исто така дел од природното богатство на Шар Планина.
- Развој на традиционалното сточарство со посебно изработени планови за искористување на пасиштата, усогласени со идниот план за управување со заштитеното подрачје и запазување на предвидените начини на користење, особено во зоната за строга заштита. При тоа, ќе се процени влијанието на постоечките бачила и доколку постојат одредени негативни влијанија врз природата, да бидат преместени или санирани проблемите од истите.
- Развој на туризмот кој ќе се насочи на одржливост, со цел заштита на природата и вклопување на туристичките понуди во идната програма за развој на туризмот, како составен дел од планот за управување со НП Шар Планина.
- Во областа ловство потребно е да се пристапи и отпочне кон подобрување на системот за одржливо зачувување на автохтоните видови на дивеч како дел од биолошката разновидност на Шар Планина, како и да се прогласи заштита на дивечот.

- Искористувањето на минерални суровини во идното заштитено подрачје, согласно Закон за минерални суровини е забрането.

*4.5 Административни влијанија и трошоци*

*а) трошоци за спроведување*

За успешно реализирање на целите за заштита во НП „Шар Планина“, потребна е финансиска поддршка од Буџетот на Република Северна Македонија, особено во почетните години на формирање и функционирање на јавната установа.

За започнување на функционирање на Јавната установа неопходно е во буџетот на Република Северна Македонија да се предвидат финансиски средства за:

- Изградба/адаптација на управна зграда за јавната установа со информативен центар. (Најпогодна локација во овој момент претставува објектот на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија).
- Обезбедување плати за вработените, на почетокот за околу 30 лица.
- Набавка на возила (минимум 5), канцеларска опрема, компјутерска опрема, опрема за заштита од пожари, опрема и постапки во случај на несреќи, за вработените, посетителите и корисниците, потрошни материјали, итн.,
- Поставување информативни табли, патокази, знаци, обележување на границите на националниот парк,
- Покривање тековни трошоци (струја, вода, гориво и сл.).

По формирањето и започнување со работа на Јавната установа, може да се очекува и остварување на приходи од различни активности кои ќе бидат определени со Планот за управување (приходи од искористување шуми, други шумски производи, наплата на влезници, и сл.) и согласно тоа соодветна подготовка на Бизнис план за работење на јавната установа.

| Иницијални годишни трошоци | Вкупна вредност МКД | | |
|---|---|---|---|
| Основни годишни трошоци | 1 година | 2 година | 3 година |
| ПРИХОДИ [37] | (/) | (/) | (/) |
| **Трошоци за вработени** | **27.473.401** | **27.535.401** | **27.287.401** |
| * Плати и надоместоци на плати (нето) | 16.508.772 | 16.508.772 | 16.508.772 |
| * Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата | 2.620.440 | 2.620.440 | 2.620.440 |
| * Придонеси од задолжително социјално осигурување | 5.136.063 | 5.136.063 | 5.136.063 |
| * Останати трошоци за вработените | 1.939.126 | 1.939.126 | 1.939.126 |
| * Управен одбор | 246.000 | 246.000 | 246.000 |
| * Тренинг, лиценци и обуки | 186.000 | 372.000 | 248.000 |
| * Осигурување и здравствени прегледи | 93.000 | 93.000 | 93.000 |
| * Консултантски услуги, развојни планови и студии | 744.000 | 620.000 | 496.000 |
| Материјални трошоци | 31.691.680 | 10.278.880 | 2.575.280 |
| * Подвижни средства: терenски возила (3), | 14.880.000 | 4.960.000 | 744.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| транспортни возила (4), останати возила (за снег и | | | |
| * Недвижни средства - објекти (Реконструкција, и преадаптација на постојни објекти) | 12.400.000 | 2.480.000 | - |
| * канцелариска опрема, компјутерска опрема, опрема за заштита од пожари, опрема и постапки во случај на несреќи, за вработените, посетителите и корисниците, | 2.480.000 | 1.240.000 | 620.000 |
| * поставување информативни табли, патокази, знаци, обележување на границите на националниот парк, | 496.000 | 372.000 | 186.000 |
| * Изнајмување простории | 372.000 | 223.200 | 74.400 |
| * комунални трошоци (струја, вода), | 223.200 | 223.200 | 223.200 |
| * потрошни административни материјали, | 74.400 | 74.400 | 74.400 |
| * Регистрација и одржување возила и машини | 148.800 | 148.800 | 186.000 |
| * Гориво | 168.480 | 168.480 | 168.480 |
| * Рекламирање и промоција | 300.000 | 240.000 | 150.000 |
| Непланирани трошоци | 148.800 | 148.800 | 148.800 |
| Вкупни трошоци | 59.313.881 | 37.963.081 | 30.011.481 |

*б)трошоци за почитување на регулативата*

Нема влијание.

**<u>ОПЦИЈА 2</u> – Да се стопира постапката за донесување на Закон за прогласување на дел од планината Шар Планина за национален парк до отстранување на постоечката инфраструктура и раскинување на сите концесиски договори на подрачјето.**

*4.1 Економски влијанија*

*<u>Негативни влијанија:</u>*

<u>До донесувањето на сите потребни измени во правниот систем за да се овозможи ретроактивна заштита на едно подрачје, отстранување на законски изградена инфраструктура и одземање на законски стекнати права, како и исчекувањето на последователните судски разврски и обештетување на засегнатите правни и физички лица, влијанијата ќе бидат исти како и во опцијата „не прави ништо“.</u>

Ќе се продолжи со неконтролирано вршење на економски активности на дел од подрачјето на Шар Планина како што е експлоатација, преработка и користење на минерални суровини, изградба на мали хидроелектрани, продолжување со сеча на шумите, ловство и риболовни активности и други активности кои придонесуваат за моментална финансиска корист за правните и физички лица кои ги вршат економските активности.

И понатаму ќе се зголемуваат барањата за проширување на постојните урбани опфати (викенд населби или за нови туристички објекти),

Компаниите ќе продолжат со искористување на природните и минералните суровини на Шар Планина, со што се нарушува природата, како и биолошката разновидност.

Неконтролираното користење на природните добра и ресурси ќе доведе до нивно исцрпување, со што на долг рок ќе ја секне економската активност.
Истовремено, ќе се намалат можностите, а последователно и оневозможат, за традиционалните и органски земјоделски и сточарски практики, како и одржлив развој на регионот преку екосистемски услуги и туризам.

*4.2 Фискални влијанија:*

Од буџетот на Република Северна Македонија ќе треба да се издвојат средства за отстранување на постоечката инфраструктура, експропријација на имотот во приватна сопственост, обештетување на правните и физички лица и враќање во првобитна состојба на природата.

*4.3 Социјални влијанија*

*Позитивни влијанија:* Преземање на најразлични неконтролирани активности на цело подрачје но поради стопирањето на постапката за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк има одреден моментален финансиски бенефит за тамошното население.
*Негативни влијанија:*
Отстранувањето на дел од инфраструктурата ќе влијае на функционирањето и живеењето на локалното население.

*4.4 Влијанија врз животната средина*

*Негативно влијание:* Одложувањето на донесување на закон со кој ќе се овозможи воспоставување на зони во кои јасно ќе бидат определени активностите кои може да се преземаат на одредени подрачја на делот кој треба да се прогласи за национален парк ќе придонесе до неповратно уништување на одредени природни вредности на Шар Планина.
Враќањето во првобитна состојба преку отстранување на постоечка инфраструктура исто така може да има негативни влијанија врз дел од веќе воспоставените екосистеми кои се создале благодарение на долгогодишната интеракција помеѓу човекот и природата.

*4.5 Административни влијанија и трошоци*

*а) трошоци за спроведување*

*Потребен е ангажман на низа државни органи за преземање на активности во насока на реализација на оваа опција.*

*б ) трошоци за почитување на регулативата*

*Потребни се буџетски средства за обештетување на оштетените страни, отстранување на инфраструктурата и враќање во првобитна состојба на природата.*

## 5. Консултации

### *5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

*Нацрт текстот на законот на македонски и албански јазик е објавен и на веб страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање и на ЕНЕР на 17.09.2020 година. Нацрт текстот е доставен на мислење до сите засегнати страни.*

1. Органи на државна управа :
   - Министерство за финансии
   - Секретаријат за законодавство
   - Секретаријат за европски прашања
   - Министерство за информатичко општество и администрација
   - Министество за земјоделство шумарство и водостопанство
   - Министерство за економија
   - Министерство за одбрана
   - Министерство за транспорт и врски
   - Министерство за внатрешни работи
   - Министерство за надворешни работи
   - Министерство за култура, Управа за заштита на културно наследство
   - Министерство за локална самоуправа
   - Управа за хидрометеоролошки работи
   - ЈУ Национален парк Маврово
   - Центар за развој на Полошки плански регион
   - Геолошки завод
2. Единици на локална самоуправа
   - Општина Тетово
   - Општина Гостивар
   - Општина Теарце
   - Општина Боговиње
   - Општина Врапчиште
   - Општина Јегуновце
   - Општина Маврово и Ростуше
   - Совет за развој на Полошкиот Плански Регион и
   - ЗЕЛС (Заедница на единици на локална самоуправа).
3. Јавни претпријатија:
   - ЈП Национални Шуми, Скопе и Подружница Тетово и Подружница Гостивар
   - ЈП за стопанисување со пасишта и
   - ЈП за државни патишта

4. Агенции:
    - Агенција за планирање на просторот
    - Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија
    - Агенција за промоција и поддршка на туризмот
5. Стопански Комори
    - Стопанска Комора на РСМ
    - Стопанска Комора на Северозападна Македонија
6. Акционерски друштва
    - АД ЕЛЕМ Електрани на Северна Македонија
    - ЕЛЕМ ТУРС
    - АД МЕПСО - Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем и
    - ЕВН Македонија Електрани ДООЕЛ Скопје
7. Невладини организации кои делуваат во полето на заштитата на животната средина и природата.

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

Сите добиени мислења кои се однесуваа на предметот на регулација на законот беа земени предвид и по извршени низа на состаноци со засегнатите страни ставовите беа усогласени. Забелешките во поглед на зонирањето и предлозите од страна на МЗШВ за вклучување на определени шумски подрачја во строга заштита беа прифатени, а прашањата за ловиштата и подрачјата управувани од Национални Шуми ќе бидат опфатени во Планот за управување со подрачјето. Барањата за овозможување на користење на високопланинските пасишта е допрецизирано, како и можноста за одржување на објектите од јавен интерес во сите зони. Беше обезбеден заштитен појас за развој на скицентарот и сите села со нивните атари се поставени во зоната за одржливо користење заради овозможување на непречено функционирање на локалното население. Зонирањето на паркот е извршено од страна на експертскиот тим врз основа на проценката и потребата за зачувување на природните вредности, постоечката инфраструктура и во согласност со претходно споменатите барања од засегнатите страни. Прегледот на сите добиени мислења од јавноста е дел од Извештајот за спроведени јавни консултации.

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

Сите мислења кои се однесуваа на предметот на уредување на овој закон беа земени предвид.

# 6. Заклучоци и препорачано решение

## *6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

***ОПЦИЈА „Не прави ништо“***

Оцијата „не прави ништо“ е неприфатлива, бидејќи со ова решение не се обезбедува заштита на природните вредности на делот од Шар Планина кој согласно националното законодавство и меѓународните стандарди, мора да прогласи за заштитено подртачје во II категорија - Национален парк и да се управува и заштити.

Доколку се остане на оваа опција, односно не се донесе Законот за прогласување на Шар Планина за национален парк ќе доведе до непланско искористување и неповратно уништување. на природните вредности. Последицата од сето тоа ќе бидат негативни влијанија врз животната средина и природните вредности на подрачјето, а со тоа и негативно влијае врз условите за живот на локалното население. Прекумерното ловство, сеча на шуми, искористувањето на минералните суровини, нерационалната користење на водените ресурси и други активности имаат негативни последици како врз луѓето и економскиот развој, така и врз животната средина и природата..

Ова решение има краткорочни позитивни економски влијанија врз поединечните стопански субјекти активни на подрачјето. Доколку се усвои оваа опција и понатаму ќе се продолжи со вршење на економски активности како и досега, затоа што истите придонесуваат за заработка и со тоа позитивно влијаат и на економскиот развој на регионот, меѓутоа не обезбедуваат одржливост на долг рок и не го постигнуваат максималниот развоен економски потенцијал.

Од социјален аспект искористувањето на ова подрачје неплански при тоа водејќи се од моменталниот економски интерес, ќе придонесе до негативни социјални влијанија од аспект на откажување од одредени активности кои се традиционални за тоа подрачје, како и девастација на животната средина.

***ОПЦИЈА 1 -*** Да се донесе Закон за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк со што ќе се овозможи негова соодветна заштита и унапредување и спречување на понатамошното уништување.

Оваа опција е најприфатлива затоа што истата позитивно влијае на зачувување и заштита на природните вредности на подрачјето. Управувањето со националниот парк ќе се врши од посебна институција формирана за таа цел. Главната задача на Јавната установа – Национален парк Шар Планина е интегрално управување со националниот парк. Управувањето ќе се врши согласно Законот за заштита на природата, Актот за прогласување и Планот за управување со националниот парк, во кој јасно ќе бидат наведените активностите кои ќе бидат дозволени во утврдените зони, Со донесување на законот ќе се воспостават зони врз основа на природните вредности (геодиверзитет и биодиверзитет).

Изработката на Планот за управување ќе биде во соработка со локалното население и сите засегнати страни на подрачјето.

Прогласувањето на дел од Шар Планина за национален парк има бројни позитивни влијанија врз животната средина и природата, пред се во одржување на природната состојба, пределската разновидност, геодиверзитетот, екосистемите, живеалиштата и видовите.

Овој начин на управување ќе придонесе кон одржливо искористување на природните ресурси како што се водните ресурси, шумите, пасиштата, дивечот и развивање на традиционално земјоделство со примена на традиционални практики во согласност со принципите на зачувување на биолошката разновидност,

Сите овие вредности ќе придонесат за развој на локалната економија преку развивање на туризам со што индиректно влијае на зголемување на бројот на работни места и задржување на младите на овие простори.

<u>ОПЦИЈА 2</u> – Да се стопира постапката за донесување на Закон за прогласување на дел од планината Шар Планина за национален парк до отстранување на постоечката инфраструктура и раскинување на сите концесиски договори на подрачјето.

Оваа опција би можела да значи доведување на природата во првобитна состојба без никакво човеково влијание на долг рок, меѓутоа подразбира постапки за долгогодишни измени на целокупниот правен систем и завршување на судски процеси. Одложувањето на прогласувањето на националниот парк, значи практична примена на опцијата „не прави ништо“, до исполнување на сите правни услови за преземање на активностите за отстранување на постоечката инфраструктура и раскинување на сите концесиски договори. Со оглед на фактот што за реализација на оваа опција потребно е промена на основни правни принципи, и истата е сериозно правно неизвесна, како и непредвидлива од аспект на можноста за издвојување на државни финансиски средства.

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*
*Ризик за опција „не прави ништо“* – девастација на природните вредности и исцрпување на природните ресурси.

*Опција 1* – одолговлекување на донесување на законот за прогласување и доцнење со формирање на ЈУ НП Шар Планина поради административни процедури.

*Опција 2* – Ризик од недонесување на потребните законски измени, одолговлекување на судските процеси, недостиг на средства за обештетување на концесионерите и девастација на природните вредности и исцрпување на природните ресурси.

***6.3. Препорачано решение со образложение***
Препорачано решение е Опција 1 - Да се донесе Закон за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области.*
Нема

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

Потребно е донесување на Програма, План за управување со заштитеното подрачје и Просторен План на заштитеното подрачје во рок од најмногу 1 година од донесување на законот.

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*
Јавна установа – национален парк Шар Планина
Министерство за животна средина и просторно планирање
Државен инспекторат за животна средина
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Државен инспекторат за шумарство и ловство

*7.4. Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*
Заради спроведување на Законот потребно е да се преземат низа активности со цел негово ефикасно спроведување, меѓу кои и редовно одржување на состаноци со претставници од централната, локална власт, бизнис секторот, невладиниот сектор и руралното население. Исто така, потребно е да бидат спроведени информативни кампања за промовирање на обврските на државните органи, органите на локална самоуправа, бизнис секторот и граѓаните.

## 8. Следење и евалуација

8.1 Начин на следење на спроведувањето
Спроведувањето на законот ќе се врши од страна на надлежните институции и тоа:
Влада на Република Северна Македонија
Јавна установа – национален парк Шар Планина
Министерство за животна средина и просторно планирање
Државен инспекторат за животна средина
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Државен инсперкторат за шумарство и ,ловство

Владата на Република Северна Македонија ќе ја формира Јавната установа – национален парк Шар Планина и ќе обезбеди средства за нејзино функционирање.

Министерството за животна средина и просторно планирање и Управата за животна средина потребно е да ги одобрат Планот и Програмите за управување со подрачјето на Национален парк Шар Планина.

8.2. *Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Евалуација на ефектите од имплементација на регулативата ќе се следат врз основа на поставените индикатори за следење:

- Формирање на Јавна установа Национален парк Шар Планина;
- Воспоставување на чуварска служба;
- Објавување на границите на националниот парк на веб страницата на јавната установа;
- Донесување на План за управување со Национален парк Шар Планина;
- Донесување на годишна програма за заштита на природата.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:______________** ..................................................

**потпис на државен секретар,**

**Каја Шукова**

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:_____________** ..........................................

**потпис на министер,**

**Naser Nuredini**